Известување за избор по Јавен повик бр.08-2337/2 од 03.03.2022 година за реализација и финансирање на проекти за поддршка на манифестации и организирање на фестивали во град Скопје за 2022 година

Ве известуваме дека согласно објавениот Јавен повик бр.08-2337/2 од 03.03.2022 година за реализација и финансирање на проекти за поддршка на манифестации и организирање на фестивали во град Скопје за 2022 година, објавен на ден 4-ти Март 2022 година во дневните весници Нова Македонија и Коха, и тоа за реализација на проектите: "Фестивал Модерно Скопје" и “Фестивал на вино и музика” беа пристигнати 6 пријави во утврдениот рок.

Комисијата именувана со Решение бр.08-2337/1 од 03.03.2022 година на ден 23.03.2022 година ги разгледа доставените понуди по објавениот Јавен повик за реализација и финансирање на проекти за поддршка на манифестации и организирање на фестивали во град Скопје за 2022 година и согласно методологијата и приоритетите согласно Програмата за општа туристичка пропаганда и за подобрување на условите за престој на туристите на Град Скопје за 2022 година (Службен Гласник на Град Скопје број 02/22) беа избрани следните предлог проекти:

1. За "Фестивал Модерно Скопје" беа пристигнати пет пријави, а понудата од Друштво за продукција и маркетинг Нова Идеја Продукција и маркетинг ДООЕЛ СКОПЈЕ беше избрана како најповолна и највисоко бодирана понуда.

Додека пријавите од Друштво за посредување и консултантски услуги ПАСВОРД ПРОДАКШН ДОО Скопје и Друштво за трговија и услуги Грибоедов ДОО Скопје за “Фестивал Модерно Скопје“ не се избрани како најповолни.

Две од пријавите за "Фестивал Модерно Скопје" не беа бодирани, бидејќи не ги исполнуваа условите согласно објавениот јавен повик и критериумите што треба да бидат исполнети од страна на реализаторите за проектите, и тоа пријавите од Фолклорен ансамбл “Вапцаров“ и КУД ДРИТА Е ДЕРВЕНИТ Сарај Скопје .

2. За “Фестивал на вино и музика” беше пристигната една пријава, а понудата од КРАФТ ПРОДУКЦИЈА ДООЕЛ Скопје беше единствена и избрана како најповолна понуда.